Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.08.2015 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 4953 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **контролен**

**2. Субјекти на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво - Оператор за кабелска мрежа ГИВ ДООЕЛ Скопје - аналоген пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 05.08.2015 година.

**4. Предмет на надзорот:**

- Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот врши реемитување на програмски сервиси без издадена потврда за регистрација на пакет програмски сервиси.

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-318 од 02.02.2015 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-625/1 од 27.01.2015 година и Писмениот извештај за изменување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-625/2 од 02.02.2015.

Решението е уредно примено на 05.02.2015 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво - Оператор за кабелска мрежа ГИВ ДООЕЛ Скопје - аналоген пакет е констатирано дека овој оператор на подрачјето на Гостивар преку својата мрежа ги реемитува програмските сервиси од аналогниот пакет на операторот на

јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

Агенцијата направи снимка во просториите на ГИВ ДООЕЛ Скопје од која е видно дека програмскиот пакет што овој оператор го нуди на своите корисници е програмскиот пакет што го има регистрирано операторот БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје вклучувајќи го и инфо каналот.

На ден 31.03.2015 година Оператор за кабелска мрежа ГИВ ДООЕЛ Скопје ја извести Агенцијата дека е извршена промена на сопственичката структура и дека новиот сопственик на овој оператор е БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**